Јавно претпријатие за
комунална дејност
"ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 04-1662/2
04.12.2024 год.
Охрид

Врз основа на член 48 од Законот за административни службеници ( Службен Весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 05/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) и член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас ( Службен Весник на Република Македонија бр. 11/2015 и 35/2018 ) ЈП Охридски Комуналец Охрид објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС број 01/2024**
**За пополнување на работно место со унапредување**

**1. Советник за човечки ресурси** со шифра **КДР 0102 В01054** во Одделение за човечки ресурси **- 1 ( еден ) извршител.**

**Општи услови** - предвидени за работното место утврдени со Законот за админитративните службеници и Актот за систематизација на работните места во ЈП Охридски Комуналец Охрид се:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови** - предвидени за работното место утврдени со Законот за административните службеници и Актот за систематизација на работните места во ЈП Охридски Комуналец Охрид:

- Стручни квалификации - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од област на Правни науки, Политички науки, Организациони науки и управување (менаџмент) ;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство за ниво В1 најмалку три години работно искуство во струката.
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија ( англиски, француски, германски ).

**Потребни општи работни компетенции на средно ниво:**

- - решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг,
- - учење и развој
- - комуникација,
- - остварување резултати,
- - работење со други/тимска работа,
- - стратешка свест,
- - ориентираност кон клиенти/засегнати страни и
- - финансиско управување

На интерниот оглас може да се јави административен службеник, вработен во истата институција, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во Законот за административните службеници и во Актот за систематизација како и:

- да е оценет со оцена „А" или „Б" при последното оценување,
- да е на работно место кое согласно актот за систематизација на непосредно пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 ( пет ) дена, сметано од денот на објавување на интерниот оглас на web страната на институцијата.

Дневно работно време од 07.00 до 15.00 часот.
Работни Денови: Понеделник до Петок.
Неделно работно време: 40 (четириесет) часа.
Паричен износ на основна нето плата: 30.360,оо денари

Заинтересираните административни службеници поднесуваат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на ЈП Охридски Комуналец Охрид до Одделението за човечки ресурси на адреса ЈП Охридски Комуналец Охрид како и до службената електронска адреса: ohridkom@t.mk со назнака " **ЗА ИНТЕРЕН ОГЛАС**".

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на Директорот на ЈП Охридски Комуналец Охрид.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

**Изготвил: Одделение за човечки ресурси**

**ЈП ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ ОХРИД**
**Директор**
**Сашо Најдески**